Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

11-770/3 11-03-2025

ДО:
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕДМЕТ: Мислење по Нацрт-Акциски план 2026 – 2027 за спроведување на Националната стратегија за млади 2023 – 2027

Почитувани,

Министерството за локална самоуправа го разгледа доставениот Нацрт-Акциски план 2026 – 2027 за спроведување на Националната стратегија за млади 2023 – 2027 и **укажува** дека во врска со дел од активностите утврдени во истиот потребно е да се изврши корекција, по дополнителна координација, со цел да се обезбеди успешна имплементација на секоја поединечна активност во рамки на законски утврдените надлежности од страна на релевантните институции и тоа:

- Мерка 6 - Обезбедување на бесплатни менструални и санитарни продукти за млади од сите категории, Активност - 6.4.5. 1. Донесување на одлука на Влада / МЛС за воведување локален фонд / буџет од страна на општините за менструална хигиена во основните и средните училишта, МЛС е нотирано како водечка институција. Согласно член 21 од Законот за локална самоуправа, општините самостојно, во рамките на законот, ги уредуваат и вршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со овој или друг закон и се одговорни за нивното вршење, со законот со кој се утврдуваат други надлежности на општината се определуваат и изворите на финансирање за вршење на тие надлежности. Имајќи предвид дека единиците на локална самоуправа се посебно ниво на власт со своја независност и автономија, укажуваме дека предлагање и донесување на ваква одлука на Владата е во спротивност со начелата на автономија на локалната самоуправа дефинирани и во Европската повелба за локална самоуправа. Министерството за локална самоуправа нема законска надлежност да предлага донесување на акти/одлуки за утврдување на буџетски намени во рамки на посебните буџети на единиците на локалната самоуправа. Со оглед на наведеното, а имајќи ги предвид и одредбите од Законот за финансирање на ЕЛС („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) во кој се утврдени изворите на финансирање на општината, меѓу кои и распределбата на дотациите од Буџетот на РСМ и од буџетите на фондовите, за дефинирање на начинот на реализација на оваа активности потребно е да се земе предвид мислењето на Министерството за финансии.
- Активност 6.4.5.2. Набавка и дистрибуирање на продуктите за менструална хигиена до крајните корисници во основните и средните училишта. МЛС е нотирано како водечка институција. – Укажуваме дека согласно надлежностите на Министерството за локална самоуправа не постои законска основаност за реализација на оваа активност на предложениот начин. Потребно е Министерството за локална самоуправа да се изземе како водечка институција, а за дефинирање на начинот на реализација на оваа мерка да се земе предвид мислењето на Министерството за образование и наука и Министерството за здравство.


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

- Мерка - 8.1.1. Подобрување на инфраструктура за слободно движење во јавниот простор во рамките на јавните пешачки зони, плоштади и зони за спорт и рекреација и Мерка 8.2.6.2. Доставување на насоки до Локалните совети за превенција за реализирање најмалку две средби на годишно ниво и за спроведување локални активности за превенција со опфат на минимум 30% од вкупниот број на млади во општината, приоритетна област: безбедност. Имајќи ги предвид законски утврдените надлежности на МЛС кое е наведено како носечка институција, а со оглед на тоа дека се работи за приоритетната област безбедност, укажуваме дека МЛС треба да се изземе како носечка институција и да се предвиди како вклучена институција, а за ефикасно спроведување на мерката да се земе предвид мислењето на Министерството за внатрешни работи.

Воедно за активностиот од целиот текст на Предлог-акцискиот план, укажуваме на потребата, при дефинирањње на конечен акциски план со конкретните мерки, особено онаму каде што се предвидени активности кои имаат финансиски импликации за општините, да се има предвид ограничениот капацитет на финансиските можности на општините, со цел да се избегне дополнително финансиско оптоварување и ризик од неуспешно спроведување на секоја поединечна мерка.

Имајќи го предвид наведеното, Министерството за локална самоуправа дава **негативно мислење** по Нацрт-Акцискиот план 2026 – 2027 **во доставената форма**, при што останува отворено за понатамошна координација и соработка со надлежните институции, со цел дополнително усогласување на предложените активности со институционалните надлежности.

Изработил; Маја Мојсоска Јовановска
Контролирал :Моника Митровски

Министерство за локална самоуправа
Државен секретар
м-р Јулијана Павковска Боцевска


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk